Државен инспекторат за техничка инспекција
Inspektorati shtetëror për inspektim teknik

26 Април , 2023 година
Архивски број: 04-853/ 11

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018), директорот донесува:

**ОДЛУКА**
**за неизбор на кандидат по Интерен оглас број 1/2023 за унапредување на административен службеник во Државен инспекторат за техничка инспекција**

1. За кандидатот Ванчо Гоцевски согласно спроведената постапка за унапредување **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР** на работно место ИНС0101В02001 Самостоен државен инспектор за рударство во одделение за вршење на инспекциски надзор над експлоатација на минерални суровини и геолошки истражувања за регион Штип со градовите: Берово, Валандово, Виница, Гевгелија, Делчево, Кочани, Пробиштип, Радовиш, Свети Николе и Струмица.
2. Неизборот е извршен врз основа на финална ранг листа и предлог одлука за неизбор по Интерен оглас број 1/2023, со архивски број 04-853/7 од 24.04.2023 година.
3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр. 04-723/2 од 13.07.2022 година, Директорот упати барање до одделение за управување со човечки ресурси бр. 04-853/1 од 10.04.2023 година, за објавување на интерен оглас во Државен инспекторат за техничка инспекција.

По добиеното барање, одделението за управување со човечки ресурси објави интерен оглас број 1 /2023 за унапредување на 3 (три ) административни службеници во Државен инспекторат за техничка инспекција, на ден 10.04.2023 година, на веб страната на Државен инспекторат за техничка инспекција и на веб страната на Агенцијата за администрација.

Под реден број 2 на интерниот оглас е работното место место ИНС0101В02001 Самостоен државен инспектор за рударство во одделение за вршење на инспекциски надзор над експлоатација на минерални суровини и геолошки истражувања за регион Штип со градовите: Берово, Валандово, Виница, Гевгелија, Делчево, Кочани, Пробиштип, Радовиш, Свети Николе и Струмица.


Државен инспекторат за техничка инспекција
Република Северна Македонија
Inspektorati shtetëror për inspektimteknik
Republika e Maqedonisë së Veriut

ул. „Јуриј Гагарин" бр.15, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Jurij Gagarin" nr.15, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Тел: (2) 3224 936
(2) 3118 289
www.diti.gov.mk

Државен инспекторат за техничка инспекција
Inspektorati shtetëror për inspektim teknik

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, Комисијата за унапредување на административен службеник формирана од страна на директорот со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на административен службеник бр. 04-853/4 од 19.04.2023 година, направи административна селекеција на пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Државен инспекторат за техничка инспекција.
Од страна на комисијата за унапредување на административни службеници беше повикан во интервју горенаведениот административен службеник Ванчо Гоцевски за на ден 24.04.2023 година во 10.00 часот но истиот не присуствуваше како задната фаза на постапката за унапредување и селекција на административни службеници заради сето тоа **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР.**
Врз основа на тоа директорот донесе Одлука за неизбор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен, во рок од 8 дена сметано од денот на приемот на одлуката.

**ДИРЕКТОР,**
**DREJTOR,**
**Blerim Ukalli**

Република Северна Македонија ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА Скопје
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR INSPEKTIM TEKNIK Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**ДОСТАВЕНО ДО:**
***-именованиот административен службеник***
***-Сектор за управување со ЧР***
***-Архива***

изработил: Емел.А
контролирал: Феми.А